# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ЗА ПИВО, СЛАД, ОЦЕТ, АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ **ПИВАРА СКОПЈЕ АД** ги донесе следниве:

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**
**300.000 шишиња гратис! Подарок Coca-Cola 0.5l под капачето!**

***1. Организатор на наградната игра:***
Организатор на Наградната игра '**300.000 шишиња гратис! Подарок Coca-Cola 0.5l под капачето!'** е ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ЗА ПИВО, СЛАД, ОЦЕТ, АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ **ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје**, со седиште во Скопје, ул. 808 бр. 12, 1000 Скопје – Гази Баба, со ЕДБ МК 4030995129290 и ЕМБС 4053974.

***2. Производи кои учествуваат во наградната игра:***
Во Наградната игра ќе учествуваат следните производи:

- Coca-Cola 0,5 л во неповратно пакување (пластика)
- Coca-Cola Zero 0,5 л во неповратно пакување (пластика)
- Fanta Orange 0,5Л во неповратно пакување (пластика)
- Fanta Shokata 0,5Л во неповратно пакување (пластика)
- Sprite 0,5Л во неповратно пакување (пластика)

**Промотивното неповратно пакување** – Coca-Cola, Coca-Cola Zero, Fanta Orange, Fanta Shokata и Сприте од 0,5 л. ќе има два посебни дизајни под капачето на шишето. Едниот дизајн ќе биде за добитно капаче, другиот за недобитно. На првиот дизајн - односно на долната страна од капачето има симбол – шише Coca-Cola 0,5 л.. На вториот дизајн - односно на долната страна од капачето има испишано "ОБИДИ СЕ ПОВТОРНО"

***3. Назив на наградната игра:***
Официјално име на Наградната игра гласи **300.000 шишиња гратис! Подарок Coca-Cola 0.5l под капачето!**

***4. Цел на наградната игра:***
Цел на оваа наградна игра е рекламирање на производите Coca-Cola, Coca-Cola Zero, Fanta, Fanta Shokata и Sprite од 0,5 л. во неповратно пакување (пластика) кој Организаторот го произведува за територијата на Република Македонија.

***5. Територија:***
Наградната игра ќе се организира и спроведува на цела територијата на Република Македонија во објектите за трговија на мало, во кои не спаѓаат угостителските објекти.

***6. Времетраење на наградната игра:***
Наградната игра ќе започне на 10.04.2017 и ќе трае до 09.06.2017 година.

***7. Право на учество:***
Во наградната игра право на учество имаат сите полнолетни граѓани во Република Македонија, со купување на производот кој е предмет на оваа наградна игра. Право на учество во наградната игра немаат вработените во Пивара Скопје АД и членовите на потесниот круг на нивните семејства.

***8. Механизам на наградната игра:***
Механизмот на учество во наградната игра е следниот:

Организаторот ќе пушти во промет 1.550.000 шишиња Coca-Cola и Coca-Cola Zero, Fanta, Fanta Shokata, Sprite од 0,5л неповратно пакување. Од оваа количина која ќе се пуштат во промет добитни ќе бидат 300.000 шишиња. Учесникот во наградната игра ќе утврди дали шишето е добитно со отворање на истото. Доколку шишето е добитно на долната страна од капачето има симбол - шише Coca-Cola 0,5л. Кога учесникот во оваа наградна игра ќе отвори вакво капаче, во тој случај следува награда производ Coca-Cola од 0,5л. неповратно пакување.

***9. Услови за учество во наградната игра:***
За да можат да учествуваат во наградната игра, потенцијалните учесници потребно е да купат Coca-Cola или Coca-Cola Zero, Fanta, Fanta Shokata, Sprite од 0,5 л. неповратно пакување и да проверат дали на долната страна на капачето има симбол – шише Coca-Cola 0,5 л. Не постои никакво ограничување на количината која секој учесник ќе сака да ја купи.

Доколку учесникот купи шише Coca-Cola или Coca-Cola Zero, Fanta, Fanta Shokata, Sprite од 0,5л со недобитно капаче односно капаче каде на долната страна од капачето е испишано “ОБИДИ СЕ ПОВТОРНО”, не добива награда, и може да продолжи да учествува во наградната игра со купување на нов производ.

Ако на долната страна од капачето има симбол – шише Coca-Cola 0,5 л, во тој случај потенцијалниот учесник е добитник на Coca-Cola 0,5л. неповратно пакување.

Резултатите од наградната игра ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на утврдувањето на добитниците и тоа на web страната на COCA-COLA www.coca-cola.com.mk.

***10. Награди во наградната игра:***
- Coca-Cola 0,5 л неповратно пакување - во количина од 300.000 шишиња.

***11. Награден фонд на наградната игра:***

| **Вид на награда** | **Број на награди** | **Поединечна вредност на наградата во мкд** | **Вкупна вредност на наградите во мкд** (кол x поед.вред. на награда) |
|---|---|---|---|
| Coca-Cola 0,5 л во неповратно пакување | 300.000 | 28,50 | 8.550.000 |

Во оваа наградна игра ќе се доделат вкупно 300.000 награди и наградите се Coca-Cola 0,5 л во неповратно пакување. Вкупниот награден фонд за оваа Наградна игра изнесува 8.550.00,00 денари со вклучен ДДВ. Поединечната цена на производите Coca-Cola 0,5л во неповратно пакување изнесува 28,50 денари со вклучен ДДВ од 18%. Поединечната цена на секоја доделена награда Coca-Cola 0,5л во неповратно пакување изнесува 28,50 денари со вклучен ДДВ од 18%.

Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои што се претходно определени. Замена на наградите со други награди, со парична или друга противвредност не е дозволена. Организаторот не се обврзува да понуди друг тип на награда во истата вредност на планираните награди.

Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Организаторот. Организаторот не подлежи на никаква одговорност за задоцнети или изгубени учества.

***12. Подигање на наградите:***

Подигањето на наградите се врши веднаш во малопрадажниот објект каде што е купено добитното шише и во еден од долунаведените дистрибутивни центри на организаторот со исклучок на Скопје каде наградата се подига само од продажното место каде е купен производот.

Добитникот наградата мора да ја подигне во рок од 30 дена од денот на завршување на наградната игра. Во спротивно добитникот ќе ја изгуби наградата.

Дистрибутивни центри во Република Македонија каде што може да се подигне наградата се следниве:

| | | |
|---|---|---|
| ЕКСТРА-СКОПСКО ПОДРУЖНИЦА ОХРИД | с. КОСЕЛ ББ | ОХРИД |
| ЕКСТРА-СКОПСКО ПОДРУЖНИЦА КИЧЕВО | ИНДУСТРИСКА ББ | КИЧЕВО |
| ЕКСТРА-СКОПСКО ПОДРУЖНИЦА ТЕТОВО | ИЛИРИЈА 135 | ТЕТОВО |
| ОАЗА ЕКСТРА СКОПСКО | ТОШО АРСОВ 32 | ШТИП |
| СКОПСКО ГРУП КАВАДАРЦИ | ШИШКА ББ | КАВАДАРЦИ |
| ОАЗА ЕКСТРА СКОПСКО 3 СТРУМИЦА | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ББ | СТРУМИЦА |
| ОАЗА ЕКСТРА-СКОПСКО ПОДР. КОЧАНИ | ТОШО АРСОВ 32 | КОЧАНИ |
| ОАЗА ЕКСТРА СКОПСКО-ПОДР. КУМАНОВО | УЛ.ИНДУСТРИСКА БР.23 | КУМАНОВО |
| ПРЕМИУМ ПИВО ДООЕЛ | НИКОЛА ТЕСЛА БР.115 | БИТОЛА |
| СКОПСКО ГРУП, ПОДРУЖНИЦА ВЕЛЕС | М.В. А.ШУРКОВ | ВЕЛЕС |
| ПРЕМИУМ ПИВО ПОДРУЖНИЦА ПРИЛЕП | ТРАЈКО НИКОЛОСКИ БР 80/6 | ПРИЛЕП |
| ЕКСТРА-СКОПСКО ПОДРУЖНИЦА ГОСТИВАР | Беличица бб - комплекс Горни Полог | ГОСТИВАР |

Доколку шишето е добитно, лицето го приложува капачето на кое има нацртано слика - шише Coca-Cola 0,5 л кај лице вработено во малопродажниот објект каде што го купило производот Coca-Cola или Coca-Cola Zero, Fanta, Fanta Shokata, Sprite од 0,5л во неповратно пакување или пак кај лице вработено во горенаведените дистрибутивни центри веднаш или најдоцна. во рок од 30 дена од денот на завршување на наградната игра.

Со приложување на добитното капаче во малопродажниот објект или во горенаведените дистрибутивни центри секој добитник е должен кај лицето вработено во малопродажниот објект или пак во дистрибутивнитниот центар да остави лични податоци, име и презиме и место на живеење со приложување на лична карта, а кои податоци до организаторот ќе бидат доставени најдоцна во рок од два дена од денот на утврдувањето на добитниците.

Наградата се подигнува веднаш, со самото приложување  на добитното капаче.

Контрола на валидноста на добитното шише, односно капаче на кое има симбол – шише Coca-Cola 0,5л, ќе ја врши  лицето вработено во продажните места каде од страна на учесникот-добитникот се предава добитното капаче или лицето вработено во горенаведените дистрибутивни центри.

***13. Запознавање на учесниците со наградната игра:***
Правилата на наградната игра ќе бидат објавени во дневниот весник Дневник, пред започнувањето на награданата игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правилата на наградната игра.

Копија од Официјалните правила на наградната игра, секој учесник може да побара на сопствен трошок од просториите на Организаторот или со јавување на потрошувачката бесплатна инфолинија на 0800-1-8888, во периодот на времетраење на наградната игра од понеделник до петок, помеѓу 08:00 и 16:00 часот.

Организаторот го задржува правото да дисквалфикува учесници кои не се согласуваат со официјалните правила, кои дејствуваат спротивно на духот на Наградната игра, или кои се стекнале со производот на Наградната игра по нелегален пат.

***14. Обработка на лични податоци:***
Со учеството во Наградната игра, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци и тоа: име, презиме и место на живеење. Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на Наградната игра.

Податоците ќе ги напише на формулар посебно подготвен за таа намена и оставен на касата на продажното место и веднаш после неговото пополнување ќе го стави во кутија исто така ставена во продажното место токму за таа намена и целите на оваа наградна игра.

Пред започнувањето на наградната игра, за сите лица, кои ќе бидат вклучени во процесот на прибирање и транспорт на личните податоци од продажните места до организаторот на наградната игра, ќе се обезбедат потпишани овластувања за работа со лични податоци и изјава за заштита на лични податоци.

При подигање на наградата од малопродажниот објект и големите маркети, секој добитник е должен кај продавачот да остави лични податоци, име и презиме и место на живеење со приложување на лична карта, кои до организаторот ќе бидат доставени најдоцна во рок од два дена од денот на завршувањето на наградната игра.

Добитникот во наградната игра изречно се согласува дека организаторот, до отповикување од страна на добитникот, може да прибира, води, чува и обработува збирка собрани лични податоци на наградените и регистрираните корисници, за целите на оваа наградна игра.

Дадената писмена согласност за користење на личните податоци, добитникот има право да ја отповика во секој момент, со доставување на барање, врз основа на кои личните податоци ќе се исклучат од понатамошното користење.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра.

Организаторот на наградната игра се обврзува дека ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на наградната игра. После тоа истите ќе ги уништи согласно процедурата на Пивара Скопје за уништување документи.

***15. Приговори:***

Секој незадоволен учесник во наградната игра кој има приговор или рекламација во врска со организацијата на оваа наградна игра, има право писмено да поднесе приговор до Организаторот на наградната игра и за истото да добие писмено известување во рок од 8 дена од приемот на приговорот.

Приговорите и рекламациите се сметаат за благовремено поднесени, доколку се достават најдоцна 8 дена од утврдувањето на причината поради која се приговара, но не подоцна од 8 дена по завршувањето на наградната игра.

***16. Евентуални спорови:***

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците во наградната игра ќе се решаваат спогодбено, а во случај на спор за истиот ќе решава надлежниот суд во Скопје и во согласност со важечките закони во Република Македонија.

***17. Одговорност:***

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик. Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда ако потроши поголема сума на пари. Организаторот не одговара за евентуални штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки сврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

***18. Откажување на наградната игра:***

Наградната игра може да се откаже во било која фаза, во случај на виша сила, во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на наградната игра.

Во случај на откажување на наградната игра, Организаторот ќе ги информира потрошувачите за откажувањето на наградната игра, за причините поради кои се откажува наградната игра, како и за датумот на откажување со објавување во дневен весник.

***19. Важност на правилата на наградната игра:***
Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат се до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

***20. Реклама на наградната игра:***
За успешно организирање на оваа Наградна игра обезбедена е маркетиншка поддршка и тоа со следниве средства:

1. Телевизиски спот;
2. Рекламен материјал поставен на продажните места.

**Coca-Cola, е регистрирана трговска марка на The Coca-Cola Company.**

ПИВАРА СКОПЈЕ АД - Скопје

___________________________

Душан Митрев

Финансов директор